РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 14-7965/1
8 -04- 2015 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 и член 22 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15 и 20/15), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиски програми од втор циклус студии на Институтот за комуникациски студии во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија на Институтот за комуникациски студии во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр. 16-275/4 од 17.01.2013 година, за акредитација на Елаборатот за организирање на втор циклус едногодишни академски студии за студиската програма Менаџирање на медиуми и мултимедија, Решение бр. 16-275/3 од 17.01.2013 година, за акредитација на Елаборатот за организирање на втор циклус двегодишни академски студии за студиската програма Менаџирање на медиуми и мултимедија, Решение бр. 16-275/6 од 17.01.2013 година, за акредитација на Елаборатот за организирање на втор циклус едногодишни академски студии за студиската програма Менаџирање на стратегиски комуникации и Решение бр. 16-275/5 од 17.01.2013 година, за акредитација на Елаборатот за организирање на втор циклус двегодишни академски студии за студиската програма Менаџирање на стратегиски комуникации на Институтот за комуникациски студии во Скопје, Институтот се обрати со барање под нивен бр. 03/50 од 17.09.2013 година, заверено под наш број 13-11865/1 од 18.09.2013 година за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-11865/2 од 20.09.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми. Комисијата изготвила Извештај бр. 13-11865/4 од 21.11.2013 година, и врз основа на забелешките во Извештајот, издала Привремено решение за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни и

двегодишни студии по Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија на Институтот за комуникациски студии во Скопје бр. 13-11865/5 од 22.11.2013 година.

По постапување на забелешките, Институтот се обрати со ново барање под нивен бр. 03/172 од 15.09.2014 година, заверено под наш број 13-14746/1 од 16.09.2014 година за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-14746/2 од 09.10.2014 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми. Комисијата изготви Извештај бр. 13-14746/4-14 од 25.03.2015 година, каде е наведено дека за студиските програми во точка 1 на ова Решение, е постапено по забелешките, при што констатира дека се исполнети условите за почеток со работа, а согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование, Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11) и Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 154/10).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примачот
-Архива

изработил: м-р Јорданчо Попоски
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 15-1152/3
16.09. 2013 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.44/02, 58/00, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со членовите 18 и 53 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12 и 24/13), Министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност

1. Со оваа Решение се утврдува дека приватната научна установа „Институт за комуникациски студии" со седиште во Скопје на ул. „Јуриј Гагарин" бр.17/1-1 ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност.

2. Приватна научна установа „Институт за комуникациски студии" со седиште во Скопје на ул. „Јуриј Гагарин" бр.17/1-1 од точката 1 од ова Решение **СЕ ЗАПИШУВА** во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност што го води Министерството за образование и наука како приватна научна установа под регистарски број 34.

3. Со донесување на ова Решение престанува да важи Привременото решение на Министерството за образование и наука со бр.15-1295/2 од 02.07.2012 година.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Приватната научна установа „Институт за комуникациски студии" со седиште во Скопје на ул. „Јуриј Гагарин" бр.17/1-1 во оптимален рок, согласно точката 3 од привременото решение бр.15-1295/2 од 02.07.2012 на ден 07.06.2013 година ги достави сите барани дополнителни документи со бр.15-1152/1 до Министерството за образование и наука за запишување во Регистарот на субјекти за вршење на научно-истражувачка дејност.

Комисијата за утврдување на исполнетост на условите за вршење на научно-истражувачка дејност, формирана од Министерот за образование и наука со Решение бр.15-3127/1 од 31.10.2011, по извршениот увид на доставените дополнителни документи од горенаведениот Институт, достави дополнителен извештај бр.15-1152/2 од 12.06.2013 година и му предлага на министерот да донесе решение за запишување во горенаведениот регистар.

Врз основа на дополнителниот извештај Комисијата констатира дека Институтот ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност, согласно членовите 18 и 53 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12 и 24/13).

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Доставено до:
- примач: Институт за комуникациски студии

Изработил: Рамиз Сулејмани
Контролирал: Кирјакула Мојсовска
Одобрил: м-р Светлана Пинева